РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-539/5
26-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 18-тата седница одржана на 21.05.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-539/1 од 03.01.2025 година, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што наводите од пријавата не се потврдуваат и не се констатирани повреди на закон.

Предметот со број 12-539/1 од 03.01.2025 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 03.01.2025 година е поднесена анонимна пријава со наводи против раководството на --------- факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ –Скопје, во врска со изборот на лицето д-р ---------, во наставно-научно звање вонреден професор во научна област ---------, по која е оформен е предмет со број 12-539/1 од 03.01.2025 година. Пријавата покрај до Државната комисија за спречување на корупцијата е адресирана и до Државниот просветен инспекторат, Министерството за образование и наука на РСМ, Владата на РСМ и Јавното обвинителство на РСМ.

Во пријавата се наведува дека изборот на лицето д-р --------- е назаконски поради тоа што истиот нема стекнато научен степен доктор на науки од областа во која се избира, како и дека рецензентската комисија не била формирана во согласност со одредбите од Законот за високото образование.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот просветен инспекторат.

Државниот просветен инспекторат на ден 21.03.2025 година достави Известување до Државната комисија дека бил извршен вонреден инспекциски надзор на --------- факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" - Скопје по однос на спроведената постапка за избор на наставник во наставно-научно звање вонреден професор во областа --------- за лицето д-р ---------- за што бил изготвен Записник со број Ип1 бр.----- од --.--.2025 година, кој е доставен во прилог. Видно од Записникот е дека при извршениот вонреден надзор е констатирано дека спроведената постапка за избор на д-р ---------- во наставно-научно звање вонреден професор во областа --------- на наведениот факултет е во согласност со одредбите од Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и докторанти на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" – Скопје и дека поради тоа што не се утврдени неправилности инспекциската постапка се запира.

Врз основа на погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука и ја запре постапката поради тоа што наводите од пријавата не се потврдуваат и не се констатирани повреди на закон.

Заменик претседател
м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК